Драги читатели,

2002 година беше многу значајна за Царинската управа на Република Македонија. На 14 Април 2002 година се одбележа 10 годишниот јубилеј од донесувањето на првиот Закон за царинска управа на Република Македонија, ден кој официјално се слави како празник на царинската служба.

Царинската служба и во 2002 година продолжи да ги извршува нејзините традиционални одговорности, прибирањето на царинските и даночните приходи, како и олеснување на трговијата и транспортот кои што се многу значајни за нашата земја.

Во Декември 2002 година, од страна на Владата на Република Македонија бев поставен за Директор на Цари нската управа. За време на мојата долгогодишна кариера, извршував многу одговорни работи во Министерството за внатрешни работи, вклучувајќи и Подсекретар за јавна безбедност.

Царинската управа има клучна улога во извршувањето на се посложената и подинамична улога во националната безбедност, спроведувањето на законите, како и во партнерството со трговската заедница. Работејќи заедно со моите внатрешни и надворешни колеги, 2003 година ја гледам како година на ентузијазам и енергија, и на обновување на довербата кон царинската служба.

Љубомир Михајловски

Директор

## НАПЛАТА НА ПРИХОДИ ОД ЦАРИНА И ЦАРИНСКИ ДАВАЧКИ

Во текот на 2002 година трендот на либерализација на надворешно трговското работење, продолжи и понатаму како резултат на годишните намалувања на царинските стапки според временските табели од Договорите за слободна трговија. Кон групата на земји кои имаат склучено преференцијална трговија со Република Македонија во 2002 година се приклучија и Босна и Херцеговина и Албанија. Минатата година беа изменети и Договорите за слободна трговија со Словенија и Хрватска.

Во вкупниот увоз, преференцијалниот увоз (Словенија, Југославија, Хрватска, Бугарија, Турција, Европска Унија, ЕФТА, Босна и Херцеговина и Албанија) учествуваше со повеќе од 75% како резултат на склучените договори за слободна трговија. Имајќи ги во вид сите овие околности на општо намалување на висината на царинските стапки, како резултат на измените на Законот за царинска тарифа и бесцаринскиот преференцијален увоз, Царинската управа на Република Македонија во 2002 година на име царина во Буџетот уплати средства во висина од 6,9 милијарди денари. Во 2002 година Царинската управа на име данок и акциза има собрано 17,3 милијарди денари.

Во текот на 2002 год. Царинската управа успешно ги надмина транзиционите проблеми во трансформацијата на платниот систем. Со воведување на трезорски систем во управувањето со јавните приходи, во Царинската управа се изврши големи промени во начинот на евиденција и контрола на тековите на собраните приходи.

Што се однесува до остварување на планот поставен од Буџетот на РМ за висината на уплатена царина тој е надминат со 15% т.е во Буџетот како царина и други царински давачки се уплатени 6,9 милијарди денари. На име данок и акцизи наплатени се 17,3 милијарди денари.




**Остварени приходи од царина во периодот 1992-2002 година во милијарди денери**

Важно е да се напомене дека вкупната сума на давачки што се наплатени во царински постапки учествуваат со една третина во Буџетот на државата. Наплатените давачки во 2002 год. во споредба со 2001 год. бележат зголемување од 7%.

## *ЦАРИНСКА ТАРИФА*

Службата за царинска тарифа во сегментот на хармонизација на законската регулатива со регулативата на Европската Унија, минатата година, учествуваше во изготвување на измените на Законот за царинската тарифа, изменувањето и дополнувањето на Царинскиот закон, изготвувањето на Одлука за распоредување на стоките на форми на извоз и увоз, Правилникот за начинот на издавање и употреба на задолжителни информации, Одлуката за изменување и дополнување на номенклатурата на царинската тарифа.

Заради ефикасна имплементација на прописите, службата изготви и објави Прирачник за царинење на стоки, Корелациони таблици, спроведе еднодневна обука за запознавање на вработените со настанатите измени и учествуваше во обуката за царински работници, спроведена во септември.

Како клучен инструмент за примена на Царинската тарифа, Службата издаде 101 уверение за Задолжителни тарифни информации за распоредување на стоките, на правни и физички лица. За ова, а и за одлуките на сесиите на Комитетот за Хармонизиран Систем, кои редовно беа следени, дистрибуирани се инструкции до сите царинарници и сектори.

## *ЦАРИНСКА ЛАБОРАТОРИЈА*

Решавањето на поголем број од предметите во Царинската лабораторија, вообичаено, се врши со разгледување и прифаќање на техничката документација, пребарување по интернет страните на производителите, и со вршење на анализи на дел од доставените мостри во самостојните и производните лаборатории и институти.

Во 2002 година, во Царинската лабораторија беа доставени 702 предмети, а 83 нерешени предмети беа останати од 2001 година. Анилизирани беа 608 предмети, и при тоа промена на тарифната ознака има настана 227 производи.

Предмет на анализа беа 122 производа од Глава 15 - растителни масти и масла, 45 производи од Глава 4, 19, 21 - прехрамбени производи, 72 од Глава 23 - сточна храна, 30 од Глава 27 - нафтени деривати, 28 од Глава 31 - ѓубрива,

88 од Глава 39 - пластични маси и др. За извршените анализи во 2002 година, изготвен е годишен извештај, АБЦ-дник.

## *ЦАРИНСКА ВРЕДНОСТ И ДАНОЦИ*

Во првата половина од 2002 година, Службата за царинска вредност работеше на измена на одредбите од Царинскиот закон кои се однесуваат на царинската вредност, со цел за потполно усогласување со регулативата на Европската Унија и барањата на Светската трговска организација. Тоа резултираше со изработка на Предлог за измена на Царинскиот закон во делот за царинска вредност, усвоен со Закон за изменување и дополнување на Царинскиот закон. Паралелно со ова, изработена е и нова Уредба за примена на одредбите на Царинскиот закон за вредноста на стоката, за царински потреби.

Заради правилно утврдување на царинската вредност, Службата изработи и дистрибуираше повеќе акти, кои се однесуваат на утврдување на царинската вредност за патнички автомобили. Испратени се 35 барања за проверка на царинска вредност, а од странските царински служби добиени се одговори на 41 барање, од кои дел се однесуваат на барања испратени во 2001 година. Од тоа, позитивно се одговорени 18 предмети, негативно се одговорени 18, а 5 дописи се известувања дека истрагата е во тек, или дека не може да се одговори заради непостоење на договор за царинска соработка.

Разликата во царинска вредност, која произлезе од негативно одговорените предмети, изнесува 8.597.044 денари и оваа сума не е дефинитивна.

До нас, од странските царински служби, за проверка на царинската вредност, упатени се 6 барања, од кои 4 се одговорени, а одговорот е позитивен. Службата дава информации и стручна помош при утврдување на царинската вредност, одговара на барања од надворешни субјекти, а ја следи и работата на Техичкиот комитет за царинска вредност при Светската царинска организација.

Во доменот на даночното работење, минатата година се обработени 4571 барање за одложување на плаќањето на Данокот на додадена вредност, поднесени од 33 даночни обврзници. Од нив 18 даночни обврзници имаат поднесено општа банкарска гаранција, додека 15 обврзници плаќањето го обезбедиле со поединечна банкарска гаранција. При тоа, вкупниот износ на одложен ДДВ со општа банкарска гаранција бил 1.430.990.043 денари, а со поединечна банкарска гаранција 77.241.668 денари.

Службата даваше и стручни мислења и совети за правилна примена на прописите за ДДВ и редовно ги информираше царинарниците за секоја промена на акцизите на минерални масла.

***ПОТЕКЛО НА СТОКИ И НАДВОРЕШНО-ТРГОВСКО РАБОТЕЊЕ***

Со последните измени, минатата година извршена е целосна хармонизација на одредбите за потекло на стоките и истите се идентични со оние од Царинскиот закон на Европската Унија, а во јуни е изготвен и Правилник за начинот на издавање и употреба на Задолжителна тарифна информација и задолжителна информација за потекло.

Службата учествуваше и во работата на експертските тимови во мешовитите комисии, поткомисии и работните групи за следење на Договорите за слободна трговија, кои Република Македонија ги има склучено со: Србија и Црна Гора, Словенија, Хрватска, Бугарија, Турција, Европската Заедница, ЕФТА земјите, Босна и Херцеговина и Албанија. Во рамките на овие активности службата активно учествуваше во изработката на измените и дополнувањата на овие Договори, кои што пред се се однесуваат на измена и дополнување на протоколите за потекло на стоките, со цел истите да се услогласат со консолидираните правила за потекло кои се употребуваат во земјите на Пан-европска кумулација на потекло. Исто така, се учествуваше во преговорите за потпишување на нов Договор за слободна трговија со Романија.

Една од основните активности беше проверката на доказите за потекло на стоките, издадени од странски царински органи, врз основа на барања на царинските испостави, секторот за истраги и контрола или директно од службата. При тоа, за сите негативни одговори е иницирана постапка за дополнителна наплата на царинскиот долг, известен е Секторот за контрола и истраги и дополнително е иницирана постапка за започнување на прекршочна, односно кривична постапка.

Со зголемувањето на бројот на договорите за слободна трговија се забележува и пораст на бројот на проверки на доказите за потекло издадени од македонските царински органи, на барање на странски царински органи.

| Година | Број на добиени барања за проверка од странски царински органи | Број на испратени одговори до странски царински органи |
|---|---|---|
| 1998 | 74 | 73 |
| 1999 | 109 | 100 |
| 2000 | 155 | 130 |
| 2001 | 96 | 86 |
| 2002 | 80 | 41 |

Во декември 2002 година, Службата ги направи неопходните подготовки за започнување на распределбата на царински квоти по принципот "прв-дојден, прв-услужен". Овој начин на распределба на квотите во иднина ќе се применува на сите Договори за слободна трговија (вкупно 10), кои Македонија ги има склучено, за што е одржана и обука за царински работници, увозници и шпедитери.

Освен тоа, континуирано се учествуваше во изготвувањето на упатства, инструкци и известувања од областа на потеклото на стоките, кои се однесуваат на примената на Договорите за слободна трговија, утврдување на потеклото на стоки, начинот на издавање на уверението за движење ЕУР 1, отисоците на печати за заверка на уверенијата за движење, еквивалентните износи на национални валути изразен во евра, известувања за промена на печати за заверување на ЕУР 1 и др. Исто така, следени се збиднувањата при Светската Царинска Организација во Техничкиот комитет за потекло на стоките, како и измените и дополнувањата на прописите на Европската Унија од област на правилата за потекло.

## *АВТОМАТСКА ОБРАБОТКА НА ПОДАТОЦИ*

Модернизацијата на Царинската управа на Република Македонија во доменот на компјутеризацијата се одвиваше преку осовременување и доопремување со информациона технологија, стручна обука на вработените, спроведување на измените во законската регулатива и поедноставување на царинската постапка. Со проширувањето на техничката платформа се обезбедија и услови за проширување на информациониот систем со автоматизирање на нови функции и поинтензивно користење на Интернет технологиите. За таа цел, беа користени средства и документација од Европската унија како и кредит од Светската банка.

Основа за спроведување на модернизацијата беше спроведената обука на вработените за користење на новите информациони технологии, модернизирање на царинските испостави (инфраструктура, компјутерски мрежи, опрема и услови за работа) и приближувањето кон стандардите на работење во Европската унија. Беа поврзани нови гранични премини во царинскиот информационен систем, а се очекува наскоро да бидат поврзани сите испостави на територијата на државата.

Минатата година Царинската служба го користеше МакЦИС, царинскиот информационен систем, во 31 царинска испостава, во регионалните и централните служби на Царината. МакЦИС се користи во 25 стокови царински испостави. Околу 400 царински работници, евиденцијата на најважните податоци од царинските документи и царинските книги за контрола на работењето, ја водат во рамки на МакЦИС. Директни учесници во МакЦИС се и јавното претпријатие за аеродромски услуги, македонски железници и македонска пошта. Тие ги доставуваат, по електронски пат, податоците за стоките кои се царинат и имаат можност да извршат увид за

текот на царинската постапка. На сличен начин, во МакЦИС, учествуваат и брзите пошти (DHL, UPS, ..). Вклучени се и сите шпедитерски претпријатија, кои, освен што изработуваат и комплетираат документи за царинење на стоки, должни се да ги достават во електронски облик најважните податоци од документите за царинење и транзит, а во МакЦИС се евидентираат и НАТО пратките (транзити и царинења). Бројот на директните учесници во МакЦИС е околу 600 вработени во наведените субјекти.

Започната е и примената на постапката за селективност, при што, МакЦИС во потполност го подржува новиот пристап и согласно со позитивните резултати системот ќе се подготвува за примена на селективноста во сите внатрешни испостави.

Корисници на податоци од МакЦИС се министерствата за економија, финансии, земјоделство и здравство, Народната банка, Заводот за статистика, Управата за јавни приходи, Стопанската комора, Македонија сообраќај и други. Сите директни учесници и корисници на информации во МакЦИС имаат на располагање голем обем на релевантни податоци за царинење на стоки поврзани со царинскита тарифа и други царински прописи, како и според спогодбите за слободна трговија. Кон крајот на годината се автоматизираше и постапката за доделување на квоти за одредени производи и се направи подготовка за публикување на информациите на интернет страницата на Царинската управа.

## *ЦАРИНСКИ ПОСТАПКИ*

Основните активности на Одделение за царинско правни, прекршочни, кривични и работи на застапување пред други правосудни органи се поврзани со царинската легислатива и легислативата од областите блиски со царинскиото работење, за што се изготвени повеќе предлози за измена на подзаконската регулатива, а се изготвени и информации и упатства наменети за царинските работници.

Ќе ги издвоиме измените во Царински закон, Правилникот за висината на надоместокот за царински услуги и Правилникот за начинот на издавање и употреба на задолжителни информации.

Превземени се активности за отварањето и функционирањето на слободната економска зона ФЕНИ Индустри, од Кавадарци, од аспект на обезбедување условите за царински надзор, со што беше овозможено започнувањето на работењето.

Со извршените измени на Законот за надворешно трговско работење, се наметна потребата од регулирање на оваа област во делот на царинското работењелк, за што се организираа повеќе заеднички состаноци со инволвираните министерства и институци и беа изработени повеќе упатства,

со цел да се овозможи правилна примена на законската регулатива. Во овој дел посебно треба да се нагласи регулирањето на критериумите за увоз на употребуваните возила. Во делот на привремениот увоз на стоки, се вршеше анализа на нераздолжениот привремен увоз во овој период, предлагани се мерки кои царинските испостави требаа да ги преземат за надминување на ваквата состојба и директно се учествуваше во примената на овие мерки.

Се изготвуваа одобренија за отварање на царинските складови и се контролираше постапката за складирање. Отворени се вкупно 14 складови, а започнати се постапки за повеќе царински складови и царински терминали. Извршени се и повеќе измени и дополнувања на претходно отворените царински складови и се изготвени повеќе одобренија за поедноставена постапка. Одделението учествуваше во активностите на Комисијата за реформи на царинската служба и хармонизацијата со регулативата на Европската заедница и нејзината имлементација имајќи ги во предвид изготвените стандарди (Блу принти).

За првпат од постоењето на ова Одделение, во текот на 2002 година, изготвени се и поднесени 23 кривични пријави до основните јавни обвинителства и истите се внесени во истражна постапка. Поднесени се и 139 барања за поведување на прекршочна постапка, а застапувани се и 210 прекршочни предмети по прекршочни барања од Царинарниците. Извршено е застапување и во 73 парнични предмети.

## *МЕЃУНАРОДНА ЦАРИНСКА СОРАБОТКА*

Во рамките на меѓусебната соработка со Царинските управи на други држави, ова Одделение организираше повеќе посети. Иницирани се преговори за потпишување на спогодби со Царинските управи на Велика Британија, Словачка и Чешка, но се направени и напори за отпочнување на преговори со Царинската управа на Република Грција. Направени се подготовки за потпишување на Спогодба за соработка во царинските постапки со Командата на НАТО/КФОР заднинските сили во Република Македонија, како и подготовки за потпишување на Спогодба за соработка со Царинската служба на УНМИК за имплементација на Спогодбата за соработка меѓу двете царински служби.

Континуираното учество и следење на активностите на Светската царинска организација продолжи и соодветно е одбележана 50 годишнината од нејзиното постоење. Продолжи и поддршката на активностите и проектите на Иницијативата за соработка во југоисточна Европа (СЕКИ) за поуспешно функционирање на Центарот за борба против прекугранчниот криминал.

Во месец јуни 2002 година во Охрид, се одржа Меѓународен семинар - Регионална работилница за обука за борба против недозволена трговија со

радиоактивни материјали, организирана во соработка со Меѓународната агенција за атомска енергија, Министерството за наука на Република Мкаедонија и Царинската управа.

Во септември 2002 година во Охрид, се одржа 7-та годишна конференција на РИЛО на националните службеници за врска во источна и централна Европа, кои се вклучени во активностите на взаемната соработка за поуспешна размена на податоци и информации во борбата против криминалот, недозволената трговија и шверцот. Како домаќин и организатор на овој состанок под покровителство на Светската царинска организација и Регионалната РИЛО канцеларија за источна и централна Европа, Одделението даде свој придонес.

Царинската управа на Република Македонија заедно со Секторот за европска интеграција на Владата на Република Македонија, Министерството за надворешни работи и други министерства, како и Заводот за статистика и Управата за јавни приходи, ја продолжи соработката со Европската унија, посебно во делот кој се однесува на спроведувањето на Спогодбата за стабилизација и асоцијација меѓу Европската заедница и Република Македонија.

Спроведена е анализа на отстапувањата од стандардите (Блу принтите) на Европската комисија, со цел да се согледаат и идентификуваат отстапувањата во имплементацијата на проектот на Европската комисија за подобрување на капацитетите.

Конечно почна со реализација проектот за Интегрирано гранично управување ФАРЕ 2000, пристигнаа возила и статички радиоактивни детектори кои беа инсталирани на осум најфреквентни гранични премини. Во делот на Програмата КАРДС Одделението посредува во координацијата и подготовката на работните задачи и имплементација на истите со надлежните институции на Европската комисија за имплементација на проектот за Институтиционална надградба на царинската администрација, кој за основна цел има креирање на целосно оперативна царинска служба согласно со нормите и стандардите на Европската Унија.

Активно се соработуваше и со Европската Агенција за реконструкција, и се работи на отпочнувањето на активностите на Проектот за Интегрирано гранично работење.

***ОБУКИ***

Одделението за обуки во Царинската управа, со цел да придонесе за подобрување на извршувањето на работните задачи на вработените, со своите програми за обука, има значајна улога во следењето и развојот на царината како модерна и ефикасна служба.

Во 2002 година, во организација на ова Одделение, беше организирана и спроведена основна обука за 90 новопримени цариски работници, од кои 61 беа со висока стручна подготовка, а 29 со средна стручна подготовка. Во рамките на специјализираните обуки, за дел од вработените, беше одржана специјализирана обука за борба против шверц и недозволена трговија со дрога. Царинската управа зема учество во координативното тело на Проектот за заштита на правото на интелектуална сопственост, во организација на Министерството за економија и Биро за заштита на индустриска сопственост. Партиципирано е и во реализација на ТЕМПУС Проектот за Напреден тренинг за борба против организираниот криминал, во кој носители на активностите беа Факултетот за безбедност од Република Македонија, Полицискиот институт од Ноис - Германија и Институтот за меѓународни кривично-правни студии од Саракуза - Италија, а со кој беа опфатени повеќе институции надлежни за превенција и сузбивање на организираниот криминал.

Во организација на СЕКИ, експерти од царинската служба на САД, извршија теоретска и практична обука за Мобилната служба од Царинската управа, а за потребите на истата служба е доделена и техничка опрема која Мобилната служба успешно ја користи.

***ИСТРАГИ***

Минатата година Службата за истраги вршеше проверка на царинските документи за увозно царинење на употребувани моторни возила за 2001 година. Освен тоа проверувани се царински документи на фирми, во однос на вредноста, потеклото на стоките и користењето на преференцијал. Проверувани се царинските документи на фирми, за остварениот увоз во 2001 година. Врз основа на извештај од АСИКУДА, утврдувано е дали на исто седиште и од страна на ист сопственик се регистрирани повеќе од едно трговско друштво. Водена е евиденција за евиденционите картони издадени од Царинската управа за патничките возила со странски таблички. Ажурирани се податоците од записниците за сторени цариски прекршоци.

Согласно со билатералните спогодби со други држави, пратени се на проверка дописи за утврдување на веродостојноста на цариски документи, но исто така, примени се дописи од други држави за проверка. Покрај тоа, во акцијата за следење на транзитот, на граничните премини прегледани се голем број товарни возила.

Во овој период, поднесени се повеќе од 200 барања за проверка на веродостојноста на цариски документи, до надлежните институции. Во соработка со Одделението за ревизија и контрола, работено е на подготвување и реализирање на барања за поведување прекршочни постапки, за увоз на јужно овошје, кој е извршен без поседување на решение за согласност.

Контролирано е и увозното царинење на некои фирми, врз основа на решенија за контигент и квоти издадени од Министерството за економија.

Подготвени се извештаите по кои, во управна постапка, ќе се донесат решенија за дополнителна пресметка и наплата на давачките. Исто така, изготвувани се информации кои се однесуваат на операции кои ги организира СЕКИ.

## МОБИЛНА ЕКИПА

Мобилната екипа изврши повеќе контроли при што се откриени голем број царински прекршоци. При контролите со царинско куче, откривани се случаи на криумчарење на дрога и истите се проследени до службите на МВР. Извршени се контроли на камиони, автобуси, патнички автомобили, патници и складишта. Контролиран е увозот на јужно овошје, при што се откриени одредени неправилности, за кои се превземени понатамошни постапки.